МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

# СТАТИЈА

**Марина Стефова**

**Зоран Здравковски**



# ПРЕЛИМИНАРНА ФАЗА

http://pubs.acs.org/page/publish-research/episode-1.html

## ПРЕЛИМИНАРНА ФАЗА (1)

- За да може да се пишува труд мора да се **прочитаат** многу, многу трудови
- Семинарската работа меѓу другото и затоа е така замислена, да се **обработат** повеќе трудови од **примарната** литература
  - што е направено
  - што ново може да се направи
  - да почнете да спиете со проблемот

## ПРЕЛИМИНАРНА ФАЗА (2)

- Етички кодекс што треба да се почитува
- СХТМ нема донесено – проучи го на ACS!
  - Gordon G. Hammes, Ethics in Scientific Publication, во *The ACS Style Guide*
    - даден во пакетот



## Основни етички предуслови (1)

- Истражувањето да е оригинално
- да не е претходно објавено
- сите кои имаат интелектуален придонес да се наведат како коавтори
  - техничката помош да се назначи во благодарноста
- сите автори да ја видат конечната верзија на трудот што ќе се поднесе за објавување



## Основни етички предуслови (2)

- Да се цитираат сите релевантни трудови
- плагијат
  - плагијат на сопствени резултати (повторно чвакање на истите резултати)
  - обично автори кои не го познаваат добро англискиот јазик преземаат цели реченици од други трудови
    - се среќава најчесто во воведот и во заклучоците

## Екстремни примери (1)

- Hisashi Moriguchi, Nature 2012
  - „репрограмирал“ клетки од црн дроб во срцеви клетки и ги инјектирал на 6 пациенти
  - воопшто не бил ни доктор, туку мед. брат
- *Acta Crystallographica Section E,* ~2007
  - Dr Zhong – 41 статии
  - Professor Liu – 29 статии
  - лажни податоци за структури добиени со „рендгенска дифракција“



## Екстремни примери (2)

- Hwang Woo-Suk, *Science*, 2004
  - создале клонирани хумани ембриони и од нив екстрахирале матични клетки
  - осуден на две години затвор



## Екстремни примери (3)

- Jan Hendrik Schön – физичар, “plastic fantastic”
  - суперспроводливи органски супстанци
  - во *Science* & *Nature*, ~ 2000
  - 2002, објавувал по 1 труд секој 8 дена
  - Универзитетот во Констанца му ја одзел и докторската титула – иако таа не била лажна!




Fleischmann, Martin; Pons, Stanley, Electrochemically induced nuclear fusion of deuterium, *J. Electroanalyt. Chem.*, **1989**, *261* (2A): 301–308.



## ПРЕЛИМИНАРНА ФАЗА (3)



- Уште еднаш „одмери“ ја **вредноста** на **резултатите** и степенот на нивна обработка
- според обемот и квалитетот на резултатите, реши се за типот на статијата:
  - претходно соопштение
  - кратко соопштение
  - стандардна статија
  - преглед



## ПРЕЛИМИНАРНА ФАЗА (4)

- Уште еднаш „преслушај се“:
  - за **кое списание** ќе се подготвува статијата
  - на кој **јазик** ќе се пишува (ова важело порано)
  - евентуално, за „**рејтингот**“ на списанието
    - секое списание се фали со својот **фактор на влијание**
  - проучи ги **упатствата** за авторите (организација, начин на цитирање, ... )

## ПРЕЛИМИНАРНА ФАЗА (5)

- Води сметка дека вообичаените поднаслови се:
  - INTRODUCTION
  - EXPERIMENTAL
  - RESULTS AND DISCUSSION
  - REFERENCES



## ПРЕЛИМИНАРНА ФАЗА (6)

- Резултати и дискусија може да бидат разделени
- експерименталниот дел може да биде и на крајот
- во статијата по правило, има ИЗВОД (ABSTRACT) и клучни зборови (keywords)
- може да има и ЗАКЛУЧОЦИ (CONCLUSIONS) и,
- ПРИЛОЗИ (APPENDICES)
- Графички апстракт (GRAPHICAL ABSTRACT)



## Трудот на Watson и Crick, веројатно најважниот труд на XX век, во структурата скоро да нема ништо од претходно реченото!!!

No. 4356 April 25, 1953 NATURE 737

MOLECULAR STRUCTURE OF NUCLEIC ACIDS

A Structure for Deoxyribose Nucleic Acid

WE wish to suggest a structure for the salt of deoxyribose nucleic acid (D.N.A.). This structure has novel features which are of considerable biological interest.

A structure for nucleic acid has already been proposed by Pauling and Corey[1]. They kindly made their manuscript available to us in advance of publication. Their model consists of three inter-twined chains, with the phosphates near the fibre axis, and the bases on the outside. In our opinion. this structure is unsatisfactory for two reasons:

## ПЛАН (1)

- Организацијата на насловите и поднасловите може да се направи со употреба на различни стилови (Heading 1, Heading 2 ...)




Наслов

Поднаслов

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## НАСЛОВ

- информативен
  - честопати тоа е единственото нешто што се чита покрај графичкиот апстракт ако го има
- краток
  - ако не може да биде таков, провери дали може да се подели на делови – наслов и поднаслов
- со колку што може повеќе клучни зборови
  - важно за индексирање
- по можност, без формули, кратенки и специјални симболи

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## АВТОРИ (1)

- За последен пат преиспитај кои ќе бидат **авторите**
  - од 1600-1920 само еден автор, сега и над 100!!!
- кој ќе биде **редоследот** на нивното набројување
- која ќе биде **адресата** што ќе биде наведена

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## АВТОРИ (2)

- Автори треба да бидат сите што дале **битен** придонес за трудот
- независно од тоа кој го **пишувал** трудот
- **само** тие!
  - не и некој што нешто „потскажал“ при дискусија – званична или незванична
  - или е шеф, директор ...
- или завршил чисто техничка работа
  - на овие треба да им се изрази благодарност
- види го етичкиот кодекс!






Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## РЕДОСЛЕД НА АВТОРИТЕ

- По правило, редоследот треба да биде според **придонесот кон вредноста** на резултатите (а не според времето потрошено за нивото добивање)
- можен е и **договор**
- имплицитно се смета дека **најважниот** автор е првиот или последниот од наброените
- ако главниот автор не е првиот, треба да се означи на определен начин (ѕвездичка и сл.) и забелешка под линија

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## АДРЕСА

- Адресата треба да биде на **институцијата** во која работата е извршена
- сега повеќето списанија бараат и е-адреса
- .............



## НУЛТА ВЕРЗИЈА НА ТРУДОТ

## СТАРТ (1)



- Врз основа на направениот план, **отпочни да пишуваш**
- тоа ќе биде **нултата верзија**
- таа и претходи на првата вистински вредна верзија
- **вклучи** ги претходните текстови (ако постојат)
  - на пример, делови од семинарската од овој предмет

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## СТАРТ (2)

- **Немој** да почнуваш со пишување на **извводот**
  (апстрактот) – него остави го за *крај*, **изведи** го од текстот
- и уводот може да се остави за подоцна
  - освен ако еден дел од него веќе бил напишан, целосно или делумно:
    - прегледот на литература
    - списокот на референци



## ПОТОА... (1)

- Во основа **следи ги** планот, но дај им слобода на мислите и идеите
- не води премногу сметка за стилот, печатните грешки, стриктната организација на текстот и слично – **регистрирај** ги сите идеи што ти се вртат во мозокот
- во оваа фаза може само работни верзии за формули, слики и табели, иако е подобро одма да се прават конечните



## ПОТОА... (2)

- Не инсистирај сѐ да напишеш во едно седнување
- честопати нови идеи ќе ти се „родат“ ако пишувањето го оставиш извесно време
- но размислувањето остави го вклучено



## ПОТОА... (3)

- Откако **сè** (???) ќе напишеш - барем еден ден не го читај текстот
- но размислувањето, макар и полусвесно, остави го вклучено
- ќе се исплати!





## ПОТОА... (4)



- Документот редовно снимај го на дискот
  - потоа сними го и на „свирче“ или во „облаците“ (Dropbox, …)
  - може да си го пратиш по пошта
- чувај и постари верзии, понекогаш некои датотеки волшебно се трансформираат и *Word* не ги чита (ако има некои големи слики, итн.) (Dropbox ги чува )
- во спротивност, може **страшно да се каеш!!!**



## ПОТОА... (5)

- Со **најмаксимална** самокритичност, прочитај ја нултата верзија
- забележи ги нејаснотиите (води сметка дека читателот не знае исто толку колку ти самиот)
- регистрирај ги повторувањата (на идеи па и на зборови) и најди згоден начин да ги избегнеш (процени каде е **вистинското** место на она што сакаш да го кажеш

## ПОТОА... (6)

- Утврди кои **бомбастични** зборови може да ги замениш со посекојдневни (**смислата не смее да се загуби!!!**)
- утврди кои зборови може да се заменат со општоприфатени **кратенки**, кои кратенки од оние што си ги употребил мора да се заменат со цели зборови, а кои треба да се објаснат



## ПОТОА... (7)

- Водејќи сметка за употребата на **времињата** (сегашно и минато), усогласи ги евентуалните пропусти и недоследности
- провери си ја целокупната **граматика**
- Ако го употребуваш помагалото *Word*, води сметка дека тоа инсистира на замена на пасивната форма во активна, нешто што не е секогаш вообичаено во научната литература



## ПОТОА... (8)

- провери си го **правописот**
  - води сметка дека *spelling checker*-ите не се **паметни** и
  - дали ги проверуваат зборовите напишани со големи букви (насловите)



## ПОТОА... (9)

- **мнооогу внимателно** барај ги печатните грешки (тренирај се или да читаш буква по буква или веќе при еден поглед врз текстот да почне да ти пречат пгрешно напишаните зборови)
- ...............
- исправувајќи ги слабостите, преминуваш на пишување на **првата** верзија на статијата



## ПРВА ВЕРЗИЈА НА ТРУДОТ (И ПОНАТАМУ)

## ПОТОА, ПОТОА... (1)

- Завршената прва верзија остави ја да **отстои** (размислувањето нека си биде „вклучено“)
- ако нешто дополнително ти текне, размисли дали (и ако да, каде) треба да се вклучи



Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## ПОТОА, ПОТОА... (2)

- Добро одбраните поднаслови и под-поднаслови помагаат во овој поглед (по потреба, може и да се сменат) – веднаш е јасно дали на даден дел од текстот **тука** му е местото или не
- внимавај особено на делењето на текстот во пасуси (важно од психолошки причини и дијагонално читање)
- не претерувај со истакнување на „важни“ зборови со употреба на *курзив* или **масни букви**



## ПОТОА, ПОТОА... (3)

- Потоа дај му ја некому верзијата, со молба да ја прочита:
- бирај „читачи“ кои **ќе ставаат забелешки**
- нагласи им дека **сакаш** да ти дадат забелешки
- ако можеш, згодно е својот текст да го дадеш на еден **стручњак во областа** и еден **стручњак од општ тип** (хемичар, ама не специјалист во дадената област)
- Ако им го дадеш во е-форма пожелно е да се вклучи Track Changes во Word



## ПОТОА, ПОТОА... (4)

- Забелешките **земи ги предвид** (најсериозно и *без* **лутење** или навреденост)
- **немој** да го озборуваш „забележувачот“
- тоа може да штети и веднаш и, најверојатно, подоцна





## ПОТОА, ПОТОА... (5)

- Не ги коментирај очигледните грешки и пропусти – нив, едноставно, исправи ги
- ако мислиш дека некоја од забелешките не е на место, обиди се да му објасниш на „забележувачот“ што си сакал да кажеш
- можеби тогаш и **тебе** ќе ти се разјаснат некои работи
- ..........



## ПАК ОД ПОЧЕТОК (1)



- Напиши (дури сега!) **извод** водејќи сметка дека:
  - најчитаниот дел, освен насловот, е токму изводот
    - тој треба да биде максимално информативен
  - при индексирањето, определниците се земаат, по правило, или од насловот или од изводот
    - изводот треба да содржи максимален број клучни зборови (пожелно - сите!)



## ПАК ОД ПОЧЕТОК (2)



- **Преработи го текстот**:
  - врз основа на сопствените согледувања
  - врз основа на забелешките на другите
- биди **доследен** во употребата на
  - термините
  - ознаките
  - нумерирањето на равенствата
  - изгледот на табелите и слично

# ПАК ОД ПОЧЕТОК (3)

- При пишување со текст-процесор:
  - внимавај да не дојде, како последица на „пиши-бриши“ (cut & paste) системот, до бесмислени комбинации на зборови, двојни членувања и сл.
  - води сметка за тоа додавањето или бришењето, односно селидбата на делови од текстот да не предизвика несакани последици во изгледот на остатокот од текстот
  - не смее, на пример, поднасловот да биде на една страница, а текстот на другата
  - добро е да се има отпечатен текст



# ПАК ОД ПОЧЕТОК (4)

- Научи што е можно повеќе „цаки“ на текст-процесорот и користи ги:
  - на пример, опцијата *Auto Correct* во *Word* овозможува автоматско исправање на грешки кои систематски ни се повторуваат при употребата на тастатурата
  - може да се креираат сопствени речници (и за македонски) и тие да се збогатуваат
  - .................






скратени наредби

За да напишете:
- долен индекс Ctrl +/=
- горен индекс Ctrl Shift +/=

## ПАК ОД ПОЧЕТОК (5)



- Не мисли дека некој е роден за пишување, а ти не си: тоа е зготен изговор, но добриот начин на писмено комуницирање може да се научи (се разбира, со **учење** и **вежбање**)
- во врска со горното – преработките прави ги со максимално голема желба текстот да стане **подобар**



## ДЕФИНИТИВНА ВЕРЗИЈА НА ТРУДОТ

## ФИНАЛЕ

- Дури откако самиот ќе бидеш задоволен
- (а задоволни се и другите автори, ако ги има)
- направи дефинитивна верзија




Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## СЛИКИ И ТАБЕЛИ (1)

- Внимателно обработи ги сликите, дијаграмите, формулите и табелите и најди го нивното вистинско место во текстот
- внимателно смисли и напиши ги легендите за сликите и насловите на табелите
- сликите и табелите мора да бидат **самодоволни**, т.е. тие треба да бидат разбирливи и без читање на основниот текст



## СЛИКИ И ТАБЕЛИ (2)

- Одбегнувај **пренатрупани** слики (и табели) – одбери и покажи го она што е најбитно
- одбегнувај, по можност, прикажување на **исти** резултати и во табеларна и во графичка форма (понекогаш тоа не може да се избегне, но понекогаш е и штетно)
- помалку битните, а многубројни, податоци депонирај ги (или дај ги во прилог)
- не употребувај (по секоја цена) **фотографии**



## ВЕЛИЧИНИ И ЕДИНИЦИ

- Правилно означи ги (**величина/единица**) оските
- **на секој начин одбегнувај ги** честите (но *неправилни*) начини: **величина, единица** или **величина …единица†**, односно **величина (единица)**
- истиот систем употребувај го во табелите
- единиците **мора** да бидат од Меѓународниот систем (SI) – види ја **зелената книга на IUPAC** и/или SI брошурата (дадени се во пакетот)

| $T$/K | $10^3$ K/$T$ | $p$/MPa | ln($p$/MPa) |
|---|---|---|---|
| 216.55 | 4.6179 | 0.5180 | −0.6578 |
| 273.15 | 3.6610 | 3.4853 | 1.2486 |
| 304.19 | 3.2874 | 7.3815 | 1.9990 |




За $10^3$ K/$T$ може да се користат и други алгебарски еквивалентни форми како што се kK/$T$, или $10^3$ ($T$/K)$^{-1}$

## ДИЈАГРАМИ

- Ако дијаграмот претставува некаква јасна или очекувана **закономерност**, точките не ги поврзувај со искршена линија
- ако имаш основа за верување дека закономерноста не почнува и не завршува во изученото подрачје, тоа означи го со продолжување на линијата пред првата и зад последната точка (не оди премногу далеку!)








## ФОРМУЛИ

- за формули користи специјални компјутерски програми (*Chem Window*, или др.)
- за модели *Hyper Chem*, *Gauss View* итн.
- не користи, **размешано**, копирани и напишани формули – биди конзистентен
- следи ги препораките на IUPAC, *Graphical representation standards for chemical structure diagrams* (дадени се во пакетот)

## ТАБЕЛИ

- Ако не се бара поинаку, табелите пишувај ги со **малку помали** карактери т.е. букви, односно цифри
- особено важно при директна репродукција или користење на електронски доставениот ракопис
- ...............

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## РЕФЕРЕНЦИ (1)

- Уште еднаш **провери ги** референците:
  - се слагаат ли броевите во текстот со оние во листата на крајот
    - тоа е многу битно: честопати, по сите „тумбања“ на текстот тоа веќе не е случај
    - може да се користат фусноти, кои може да се префрлат на крај на текстот (endnotes)
  - дали во текстот означувањето е во согласност со барањата на списанието
  - ...............

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## РЕФЕРЕНЦИ (2)

- Провери дали е прифатен доследен начин на означување на референците во текстот:
- вообичаени формати – броеви напишани во средни загради ...[11] или броеви напишани како горни индекси[11]
- и едното и другото има предности и недостатоци

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## РЕФЕРЕНЦИ (3)

- Во хемијата не е вообичаено цитирање во стилот (и ова има предности и недостатоци)
  - ... (Едикојси, 2003) ...

или

  - ... (Едикојси, 2003а) ...
  - бројката го означува годиштето на публикацијата (годината на објавување), а евентуално додадената буква – првиот, вториот итн. труд објавен таа година



## ЦИТИРАЊЕ (1)

- Провери:
  - дали, при цитирањето **во текстот** се наведени имиња и/или иницијали на цитираните автори
  - во текстот, тие **не се даваат**
  - во текстот се, секогаш, само **презимињата**



## ЦИТИРАЊЕ (2)

- Провери:
  - дали во листата со референци цитирањето е доследно; во хемиските списанија вообичаени формати се:
- E.D.I. Kojsi, Naslov, *J. Lost Papers*, 25, 1717 (**2001**).
- E. D. I. Kojsi, Naslov, *J. Lost Papers*, **2001**, *25,* 1717-1721, DOI 10.1011/jlp.0112150
  - со извесни варијации во поглед на курзивни и/или масни карактери (букви/цифри) и сл.; **редоследот** е според местото на цитирање во текстот

## ЦИТИРАЊЕ (3)

- Како не се цитира:

> ➢ **Објавени трудови во странски списанија**
>
> 1. Текстот: „Популизмот како системска корупција во државите во транзиција“ е објавен како дел од списанието IPALMO на Институтот во Рим во 2010 година (ipalmo@tin.it).
> 2. Текстот: „Карактерот на спорот меѓу Македонија и Грција“ е објавен во Зборникот на Универзитетот Пантеон во Атина, 2009 (eleni.takou@gmail.com).
> 3. Текстот: „Консолидирање на националните и етничките идентитети долж линијата Виа Игнација“, презентиран на Конференцијата Виа Игнација, La Sapienza, Рим, Италија, 2009. (AndreaCarteny@uniroma1.it))
>
> е објавен во Годишникот на Универзитетот La Sapienza, 2009.
>
> 4. Вторвот текст е во објавување исто на Римскиот државен Универзитет Ла Сапиенца во годишникот во чест на професорот Антонело Бианџиња. Текстот е под наслов „Перспектива на културната различност и мултикултурната демократија во Република Македонија“.
> 5. Текстот „Помирувањето како дел од транзиционата правда во Македонија – десет години потоа“ е објавен во он-лајн изданието Медитеранијан Журнал за општествени науки (Mediterranean Journal of Social Sciences, Vol. II, No 3; www.mcser.org).

## НАЈНАКРАЈ

- За последен пат **провери** може ли да направиш „чистење“ на излишните, претенциозните и бомбастичните зборови со поедноставни
- не заборавај на евентуално потребните **благодарности** (*acknowledgments*)
- испрати ја статијата и чекај го резултатот



## ИСПРАЌАЊЕ НА РАКОПИСОТ

## РАКОПИС

- Кога ќе решиш да ја испратиш за објавување
  - твојата дефинитивна верзија станува **ракопис** (manuscript)
  - воопшто не е битно што таа е пишувана на компјутер





## ОДБЕРИ СПИСАНИЕ (1)

- На Интернет побарај го (по назив и/или по издавач) списанието (неговата веб страница)
- прочитај го она што те интересира:
  - тематика на списанието
  - упатства за авторите
    - упатство за *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* - MJCCE
  - дијагонално погледај/прочитај неколку трудови
- …



## ОДБЕРИ СПИСАНИЕ (2)



## ОДБЕРИ СПИСАНИЕ (3)

- Види дали тоа е она што ти треба:
  - дали проблематиката што списанието ја обработува е соодветна со содржината на твојот ракопис
  - дали, и ако тоа не е **основната** тематика на списанието, сепак во него би можела да се „протне" твојата статија
  - .....
- Провери кој е рејтингот на списанието
- Ако е тоа она што ти треба, внимателно прочитај ги упатствата за авторите



## ИСПРАТИ ГО РАКОПИСОТ

- Трудовите веќе не се испраќаат по обична пошта
  - е-пошта
    - напиши придружна порака до уредникот
    - приклучи го (*attach file*) ракописот
  - во вид на е-формулар
    - се внесуваат одделните делови на трудот: наслов, автори и адреси, апстракт, остатокот на трудот ...
      - MJCCE
  - очекувај порака дека:
    - ракописот е примен и е внесен во постапка



## КОЈ ЧЕКА ....




Most scientists regarded the new streamlined peer-review process as 'quite an improvement.'

## ПОТОА

- Ракописот оди на рецензија
  - **анонимна**
- на веб страната на издавачот може да се следат сите фази низ кои минува ракописот (не кај сите)
- резултат:
  - **не се прифаќа**
  - **се прифаќа со забелешки**
  - **се прифаќа без забелешки**

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## АКО НЕ СЕ ПРИФАЌА

- **Туф-туф-туф!!!**
- проучи ги рецензиите и размисли зошто резултатот е таков
  - ако така ти е полесно – плачи!
- преработи ја статијата
- повторно испрати ја
- пожелно – во друго списание



Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## АКО НЕМА ЗАБЕЛЕШКИ

- **Бинго!!!**
- заблагодари му се на уредникот
- чекај статијата да излезе



Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## АКО ИМА ЗАБЕЛЕШКИ (1)

- **Постапи** според забелешките од рецензентите (освен ако некои од нив се очигледно погрешни и неприфатливи)
- ако **има такви**, убедително, но **љубезно** објасни му на уредникот зошто не можеш да прифатиш некоја од забелешките и чекај го неговиот одговор

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## АКО ИМА ЗАБЕЛЕШКИ (2)

- Ако одлуката на редакцијата е дека трудот може да се печати **само доколку се прифатат забелешките** на рецензентите:
- или прифати ги
- или повлечи ја статијата
- (последново е меч со две острици!)
- за тоа **извести** го уредникот

Институт за хемија, ПМФ
Постдипломски студии 2016

## КОРЕКТУРА (1)

- Ако ти испратат „коректури“, **најнајвнимателно** прочитај ги и обиди се да ги најдеш и да ги исправиш печатните грешки
  - згодно е ако (и) друг ја врши коректурата – се избегнува шансите за тоа дека ќе биде „прочитано“ она што **треба да пишува**, а не она што е **напишано**
- особено внимавај на формулите и на бројките
  - тие грешки се посериозни од печатните грешки во зборовите



## КОРЕКТУРА (2)

- Во електронската верзија на текстот
  - Во pdf, или директно во документот или како коментари на маргината
- поправај ги само **грешките** (подробности што не се во согласност со оригиналниот текст)
- не врши други измени и додавања (освен ако тоа **се бара** од тебе или во случај на крајна неопходност; во последниов случај – објасни и извини се)



## ДИРЕКТНА РЕПОРДУКЦИЈА

- Барањето, изнаоѓањето и исправањето на грешки мора да биде завршено **пред испраќањето** на статијата
- во „ракописот“ мора да бидат вметнати сликите и табелите, заедно со потписите и заглавијата
- води сметка дека при директна репродукција објектите, всушност, се **намалуваат**
  - $\Rightarrow$ буквите/цифрите на сликите и во табелите не смее да бидат премали

## НАЈНАКРАЈ

- Кога ќе ти излезе статијата:
  - веднаш вклучи ја во својата библиографија на трудови
  - приклучи ја во колекцијата со по еден примерок од секој труд
  - израдувај се (**умерено**)




- **оди наоколу и фали се!**